**Д-р Александра Деаноска – Трендафилова, вонреден професор**[1]

# ЗА НЕКОИ ИНСТИТУТИ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТОПРЕКРШОЧНО ПРАВО: ИМА ЛИ МАКЕДОНИЈА КОНЗИСТЕНТНА ПРЕКРШОЧНА РАМКА?

УДК 35.076.6:34.05(497.7:497)
1.02 Прегледна научна статија

**Апстракт**

*Прекршочното право претставува посебна научна дисциплина, како и гранка на позитивното право кое го сочинуваат, покрај општиот закон за прекршоците, и посебните закони за одделни видови прекршоци како и одредбите од голем број други закони со кои се утврдуваат прекршочно - казнивите дејствија.*

*Во Република Македонија прекршочното законодавство датира од 1997 година, но во меѓувреме тоа беше предмет на бројни ревизии и новелирања. Важечкиот закон за прекршоците е донесен во 2015 година. И некои од државите во регионот последниве години донесоа нови прекрошчни закони или ги изменија и дополнија истите. Од анализата на законодавствата на Македонија, Србија, Хрватска и Словенија во поглед на дефинирањето на прекршоците, начинот на нивно пропишување, надлежноста за постапување, репертоарот на санкции и застареноста, произлегува дека природата на прекршокот е доминантно казненоправна, но сепак, самите прекршоци се јавуват во два вида, како класични или пониски степени на неправо во однос на поимот казнено дело и како административни престапи.*

*Сепак, анализата покажува дека во поглед на одделни институти, нашето законодавство е неконзистентно и дека одделни решенија бараатитна ревизија.*

**Клучни зборови**: прекршок, глоба, санкција, управен орган, суд.

## 1. Воведни напомени: прекршочно право и прекршочно законодавство

Прекршочното право претставува посебна научна дисциплина чиј предмет на проучување е конзистентноста и поставеноста на неговиот категоријален систем во законодавството со кое се пропишуваат дејствијата што претставуваат прекршоци, условите за одговорност за прекршок, санкциите кои му се изрекуваат на виновниот

[1] Вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, Институт за казнено право.

сторител на прекршокот во законски определена постапка и сите други релевантни институти поврзани со оваа проблематика. Се работи за мултидисциплинарно поле, врз кое се испреплетуваат науките за казненото и административното (управно) право.Отвореноста на прашањето за припадноста на прекршочното правоисклучиво во доменот на казненоправната или во управноправната материја не е нова, туку датира уште од времето на првите казнени кодификации и ова прашање до денес не е разрешено.[2]

Прекршочното право, пак, како позитивноправна дисциплина е многу комплексно и него го сочинуваат, покрај општиот закон за прекршоците, посебните закони за одделни видови прекршоци (на пример, против јавниот ред и мир итн.[3]), како и одредбите од голем број други закони со кои се утврдуваат прекршочно - казнивите дејствија. Со други зборови, скоро и да нема закон без одредбиза прекршоци или, поконкретно, повеќе од двесте и триесет закони во Македонија содржат прекршочни одредби.[4]

Прекршоците како казниви дејствија се вршат секојдневно во енормно голем број. Во Република Македонија, тие со години беа причина за буквално блокирање на судовите, односно нивна пренатрупаност со предмети за ситни, багателни прекршоци, што и беше повод за поставување на новиот концепт на прекршочното правоовозможен со измените на Уставот на Република Македонија од 2005 година. Со него, надлежноста за изрекување на прекршочни санкции се прошири и на управни и органи што вршат јавни овластувања.[5] Ваквиот концепт го потврди дуалниот карактер на прекршоците и припадноста на оваа материја во казненото и во административното право.

Вечното и примарно прашање на прекршочното право е дефинирањето на прекршокот. Направени се многу обиди за прецизирање на овој поим и на неговото значење, но, се чини дека прекршочноправната наука, токму заради отсуството на општоприфатена дефиниција или барем поимно определување, уште долго ќе остане на сегашното ниво на својот развој.

[2] Подетално види: Аќимовска – Малетиќ, И., Прекршоците во македонскиот правен систем, МРКК бр. 1-2, 2010 година, стр. 107

[3]Види: Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2007 и 152/2015

[4]Лажетиќ –Бужаровска, Г., Груевска – Дракулевски, А., Анализа на прекршочните одредби во Република Македонија во однос на височината на глобата, МРКК бр. 1-2, 2010 година, стр. 60 и стр. 78-89.

[5]Камбовски, В., Основни проблеми во примената на Законот за прекршоците, МРКК бр. 1-2, 2010 година, стр. 21

Прашањето, што всушност претставува прекршокот, е прејудициелно прашање за секоја расправа или елаборација во врска со прекршочната проблематика. Но, токму недостатокот на јасна диференцијација меѓу прекршокот и казненото дело или негово поистоветување и супсумпција под поимот административен престап внесува конфузија во натамошните определби на сите прашања поврзани со постапувањето по повод сторен прекршок.

Следствено, натаму се редат низа логични консеквенции: ако прекршокот е казнено дело „во мало“, за прекршоците треба да постапува суд, ако, пак, е административен деликт(престап), тогаш надлежноста треба да премине на управен орган. Во првиот случај, санкциите треба да се исто така казнени санкции „во мало“ и од полесен вид, во вториот треба да се поинаков вид мерки предводени од широко изрекувана опомена, зошто целта не треба да биде казнување, туку корегирање на недостатоците во постапувањето (претежно формално и небрежно) на граѓаните и правните лица.

Во Република Македонија, прекршочното законодавство веќе подолго време е мета на сериозни и аргументирани критики, а неговата реформа уште повеќе: со тенденција да стане извор на средства за државниот буџет, прекршокот de facto, во многу случаи се претвори во институт построго санкциониран и од казненото дело. Апсурдноста на ваквата реалност ја потврдуваат и низа пресуди за прекршочна одговорност каде износот на изречените глоби повеќекратно ги надминува износите вообичаено изрекувани за полесните казнени дела за кои е пропишана парична казна.

Првиот**Закон за прекршоци** во самостојна **Македонија** е донесен во **1997 година**,[6] а девет години подоцна, во **2006 година** беше донесен нов закон.[7] Тој беше изменет и дополнет во 2011 година,[8] а претходно во 2009 година беше предмет на уставносудска контрола, при што беше укинат дел од една одредба од законот.[9]

Најновиот Закон за прекршоците е усвоен во **2015 година**.[10]

И прекршочните законодавства во регионов, поточно на Словенија, Хрватска и Србија, беа предмет на реформи последниве неколку години.

Имено, **Словенија** го измени и дополни **Законот за прекршоците од 2003** година, многу пати во последните пет години, а последниот **Предлог - закон за**

---

[6]Закон за прекршоците, Службен весник на Република Македонија бр. 15/1997 од 3.4.1997 година
[7]Закон за прекршоците, Службен весник на Република Македонија бр. 62/2006 од 19.5.2006 година
[8]Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, Службен весник на Република Македонија, бр. 51/2011 од 13.4.2011 година
[9]Подетално види: Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година
[10]Закон за прекршоците, Службен весник на Република Македонија бр. 124/2015 од 23.7.2015 година

**измени и дополнувања на Законот за прекршоците** на Словенија датира од пред неколку месеци, поточно од **декември, 2015 година**.[11]

**Хрватска** има важечки **Прекршочен закон од 2007 година**, но тој доживеа значајна реформа во 2013 година, а беше **предмет на измени и во 2015 година.**[12]

**Во Србија** е донесен комплетно **нов Закон за прекршоци** во **2013 година**, кој почна да се применува од март, **2014 година**.

Како што може да забележиме, во последниве две – три години, Србија и Македонија добија ново прекршочно законодавство, додека Хрватска и Словенија ги новелираа веќе постоечките прекршочни закони.

Како најблиски до нашиот правен систем и, оттука, најсоодветни за споредбена анализа, иако и претходно научно обработувани, законодавствата на овие држави ќе бидат опфатени во анализата, особено што, како што наведовме, со измените на законите или донесувањето на нови, многу работи на полето на пропишувањето, санкциите и надлежноста за постапување по прекршоци, во овие држави, се смениja.

Анализата на одредени институти од прекршочното право е направена пред сè, со цел да се утврди (не)конзистентноста на нашиот прекршочноправен систем и да се укаже на недостатоците кои час поскоро би требало да се отстранат и/или корегираат.

Препораките на определени автори за „*потребата од изградување соодветен концепт за системот на прекршочното право во нашиот правен систем и организација која ќе обезбеди негова доследна примена*“,[13] се чини дека и после многу години, се повеќе од актуелни.

## 2. За поимот прекршок

Како казниво дело, прекршокот по правило се разгледува во однос на поимот за казненото дело. Оттука, првото прашање кое се наметнува е: дали прекршокот е квалитативно или квантитативно различен од казненото дело?

Поимот за прекршок по својата законска дефиниција не се разликува од поимот на казненото дело. Сите елементи на општиот поим на казненото дело, претставуваат елементи и на прекршокот, што е аргумент во прилог на квантитативната концепција која прекршоците ги смета за понизок степен на неправо.

---

[11]Подетално види: VladaRepublikeSlovenije, GeneralniSekretarijat, Predlog Zakona o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških (ZP-1J), redni zakonodajni postopek – predlog za obravnavo, достапно на: http://www.mp.gov.si/fileadmin/mp.gov.si/pageuploads/mp.gov.si/PDF/zakonodaja/151208_ZP-1J_medr2.pdf

[12]Prekršajni zakon, pročišćeni tekst zakona, NN 107/07, 39/13, 157/13, 110/15 (na snazi od 21.10.2015.), достапно на: http://www.zakon.hr/z/52/Prekr%C5%A1ajni-zakon

[13]Арнаудовски, Љ., Законот за прекршоци во практична примена, МРКК бр. 1-2, 2010 година, стр. 19

Но, иако тоа е навидум така, повеќето автори со право забележуваат дека „*средишно прашање, околу кое е создадена вистинска збрка во казнените законодавства, изразена низ различните решенија за троделба, дводелба или единствен поим за казненото дело и посебното третирање на прекршоците е наредново: дали сепак, не се работи за различни степени на неправо, туку постои квалитативна разлика меѓу казнените дела како вистинско криминално неправо, и прекршоците како обична административна недисциплина или повреда на јавниот ред*.“[14]

Разгледувајќи го споменатово прашање, треба да се наведе и дека постојат стојалишта во кои уште претходно се укажуваше на критериумите според кои постои квалитативна разлика која се огледа, прво, во фактот што за едните - казнените дела, како главна санкција е предвидена затворската казна, а за другите – прекршоците, паричната казна, односно глобата, што е показател дека на дејствијата што претставуваат прекршоци, не може да им се упати социјално - етички прекор и, второ, во ставот дека основа за пропишување на казнените дела претставува повредата на индивидуалните и на општествените добра, додека прекршоците претставуваат обична повреда на управните налози, на јавниот ред, или општествената дисциплина, што е предмет на административното право.[15] Ваквата перцепција дефинитивно го подигнува на површина концептот за прекршокот како административени престап.

Меѓутоа, целосното поистоветување на прекршокот со административниот престап ризикува да остане чисто теориски модел кој не одговара на реалноста, бидејќи во законите со кои се пропишуваат прекрошоци, се предвидени и дејствија кои и тоа како заслужуваат етичко – социјален прекор и претставуваат повреда на индивидуални слободи и права. Ова дополнително ја усложнува ситуацијата со фактот што како легитимно прашање во ваквите случаи се појавува тоа: дали ваквите прекршоци се казнени дела во мало, а покрај нив постојат и административните престапи или, пак, првите имаат доволно висок степен на неправо што ги прави подобни за ревизија во насока на нивно инкорпорирање во Кривичниот законик со што би биле подигнати на рангот на казнени дела. Или, со други зборови, дали прекршоците треба да се „прочистат“, па дел од нив да станат казнени дела, а другите да останат како административни престапи?

---

[14]Давитковски, Б., Гоцевски, Д., Редефинирањето на прекршокот – нужност или потреба?, објавено во МРКК бр. 1-2, 2010 година, стр. 29 – 31.
[15]Ibid.

Она што може да се земе предвид како оптимална и, иако тешка за поедноставување, сепак најлогична опција, е разгледување на прекршокот како поим кој може да се јави во два облици: класичен прекршок како дејствие со квантитативно помало неправо од казненото дело за чие санкционирање би бил надлежен суд и административен престап за кој би постапувал управен орган.

Сепак, не треба да се пренебрегне фактот дека во сите законодавства, основните институти на казненото право, како што се времето, местото и начинот на извршување на делото, основите за исклучување на противправноста, институтите поврзани со вината и учеството на повеќе лица, стекот на дела/дејствија итн., соодветно се применуваат иза прекршоците. Овој значаен факт укажува на тоа дека законодавецот го третира прекршокот како понизок облик на казниво дело, а во прилог на квантитативната концепција за детерминирање на прекршокот и казненото дело.

Со ова всушност, се покажува дека постојат аргументи во прилог на двете основни концепции и со тоа повторно се враќаме на почетното прашање: дали прекршокот има казненоправна, управноправна или мешовита природа?

## 3. Законскоопределување на прекршокот

Првата детерминанта која ќе ја испитаме од споредбеноправен аспект е во насока на барање на одговорот за природата на прекршокот во законските дефиниции.

Според **Прекршочниот закон на Хрватска**, со измените од 2013 година, се определува дека прекршоци се пропишуваат за дејствија со кои се повредува или загрозува јавниот поредок, општествената дисциплина и општествените вредности, загарантирани и заштитени со Уставот на Република Хрватска, меѓународното право и со законите чијашто заштита не е можна без прекршочноправно санкционирање, а нивната заштита не се остварува со казненоправна присилба.

Како што може да забележиме, хрватскиот Прекршочен закон не дава „класична“ дефиниција каква што се среќава во други законодавства, но таа содржи една јасно истакната**материјална димензија** со која се нагласува **објектот на заштита** на прекршоците, а тоа се јавниот поредок, општествената дисциплина и општествените вредности. Според тоа, произлегува дека хрватскиот законодавец прави и квалитативнаи квантитативна разлика со кривичните дела. Ова, дотолку повеќе(*a fortiori*) што е наведено дека прекршочноправното санкционирање ќе се примени за оние повреди чија заштита не се остварува со казненоправна присилба, или со други зборови, тоа се применува на случаите полесни од повредите востановени во

кривичните инкриминации. Но, јавниот поредок и општествената дисциплина како објекти на заштита се во прилог на квалитативната теорија.

**Закон за прекршоците на Србија** кој се применува од 2014 година, прекршокот го дефинира на прилично формален начин, односно како противправно дело кое е определено како прекршок со закон или со друг пропис на надлежен орган и за кое е пропишана прекршочна санкција.[16]

Оваа дефиниција е скоро идентична со македонската, освен што, според, српското законодавство, прекршоците може да се пропишуваат и со друг пропис освен законот.

Се чини дека дефиницијата од словенечкиот закон е најформална од споредуваните. Имено, според **Законот за прекршоците на Словенија**, прекршоци се дејствија спротивни на законите, уредбите на Владата, одлуките на самоуправните и локалните заедници, кои се предвидени како прекршоци и за кои е пропишана прекршочна санкција.

**Законот за прекршоци на Македонија** од 2015 година го дефинира прекршокот какопротивправно дело кое со закон е определено како прекршок, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција.

Нашата дефиниција е исто така формална и го следи моделот на формалното дефинирање на казненото дело како противправно дело. Не се дадени материјални критериуми за разграничување, но со оглед на тоа што ги има истите елементи и пропишувањето е стриктно законско, логички, постапувањето во прекршочна постапка треба да е во судска надлежност.

Од наведените дефиниции, иако скоро сите се претежно формални, може да се заклучи дека постојат показатели во насока и на двете концепции: квантитативната и квалитативната.

Имено, фактот што дефинициите се со исти елементи и модел како дефинициите за казненото дело (Македонија, Србија, Словенија) или во нив се градира прекршокот како „понизок“ од казненото дело (Хрватска) е во насока на потврда на квантитативното стојалиште за разграничување на прекршокот од казненото дело.

Тоа што во самите законски определби се укажува дека прекршоците се дејствија со кои се повредуваат закони, но и управни акти (Словенија) или дека тие се пропишуваат со закон или пропис на друг надлежен орган (Србија)е во прилог, пак, на

[16]Види: чл.2, Zakon o prekršajima, "Sl. glasnik RS", br. 65/2013

квалитативната концепција според која прекршокот е квалитатвно различен од казненото дело.

Се чини дека македонскиот закон, барем во делот на дефинирањето на прекршокот е најдоследен на квантитативната концепција.

Оттука, може да заклучиме дека законските дефиниции или поимни определувања за прекршокот ги исцртуваат контурите на **два модели**: првиот, дека прекршокот е исклучиво понизок степен на неправо од казненото дело (**квантитативенмодел**) и вториот, **мешовит** – дека прекршокот може да се јави и како квантитативно и како квалитативно различен од казненото дело. Оттука , може да се заклучи дека прекршкот може да се разгледува како казнено правен институт, или како мешовит или двозначен, но никогаш како исклучиво административноправен институт.

Натамошната анализа на другите институти треба да искристализира еден од наведените модели како доминантен во законодавствата на опфатените држави.

## 4. Пропишување на прекршоците

Прашањето за пропишувањето на прекршоците е исто така предмет на законско регулирање и тоа во дел од државите во истата одредба каде сеопределува нивната природа, а дел, пак, содржат посебни и поминуциозни одредби за ова прашање.

Согласно **словеначкиот** закон за прекршоци, тие се пропишуваат на три начини и тоа: со закон, со Уредба на Владата на Република Словенија и со одлука на самоуправните локални заедници.[17]

[17]Види: чл. 3, Zakon o prekrških, Uradni list RS, št. 7/03 z dne 23. 1. 2003), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1A (Uradni list RS, št. 86/04 z dne 5. 8. 2004), Zakon o prekrških – uradno prečiščeno besedilo – ZP-1-UPB1 (Uradni list RS, št. 23/05 z dne 10. 3. 2005), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1B (Uradni list RS, št. 44/05 z dne 5. 5. 2005), Zakon o prekrških – uradno prečiščeno besedilo – ZP-1-UPB2 (Uradni list RS, št. 55/05 z dne 6. 6. 2005), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1C (Uradni list RS, št. 40/06 z dne 14. 4. 2006), Popravek Zakona o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1C (Uradni list RS, št. 51/06 z dne 18. 5. 2006), Zakon o prekrških – uradno prečiščeno besedilo – ZP-1-UPB3 (Uradni list RS, št. 70/06 z dne 6. 7. 2006), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1D (Uradni list RS, št. 115/06 z dne 10. 11. 2006), Odločbo o razveljavitvi tretjega odstavka 223. člena Zakona o prekrških in ugotovitvi, da drugi odstavek 223. člena Zakona o prekrških ni v neskladju z Ustavo (Uradni list RS, št. 139/06 z dne 29. 12. 2006), Zakon o prekrških – uradno prečiščeno besedilo – ZP-1-UPB4 (Uradni list RS, št. 3/07 z dne 12. 1. 2007), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1E (Uradni list RS, št. 17/08 z dne 19. 2. 2008), Popravek Zakona o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1E (Uradni list RS, št. 21/08 z dne 29. 2. 2008), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o izvrševanju kazenskih sankcij – ZIKS-1C (Uradni list RS, št. 76/08 z dne 25. 7. 2008), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1F (Uradni list RS, št. 108/09 z dne 28. 12. 2009), Odločbo o razveljavitvi tretjega, četrtega in sedmega odstavka 66. člena Zakona o prekrških (Uradni list RS, št. 109/09 z dne 28. 12. 2009), Zakon o integriteti in preprečevanju korupcije – ZIntPK (Uradni list RS, št. 45/10 z dne 4. 6. 2010), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1G (Uradni list RS, št. 9/11 z dne 11. 2. 2011), Zakon o prekrških – uradno prečiščeno besedilo – ZP-1-UPB8 (Uradni list RS, št. 29/11 z dne 18. 4. 2011), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških –

Прекршоците пропишани со закон и со уредба се однесуваат на целата територија на Република Словенија, а оние пропишани со одлука на локалната самоуправа важат само на територијата на таа локална заедница.

Со уредба на Владата на Совенија може да се пропишат прекршоци кои претставуваат прекршувања на одредбите од уредбата и прекршување на одредбите од правните акти на Европската Унија кои во Република Словенија се применуваат непосредно.

Со одлука на органите на локалната самоуправа може да се пропишат прекршоци и санкции за нив, но само до определен износ и исклучиво само за дејствијата на прекршување на актите што самите овие органи ги донесуваат во рамките на своите надлежности и тоа, доколку тие не се санкционирани со закон или со уредба.

Согласно Прекршочниот закон на **Хрватска**, прекршоците се пропишуваат со закон и со одлуки на единиците на локалната и подрачната (регионална) самоуправа.[18] Кога последниве пропишуваат прекршоци и прекршочни санкции, тоа го прават исклучиво во врска со повреди на прописите што тие ги носат врз основа на своите надлежности и таа надлежност не можат да ја пренесат никому.[19]

**Српскиот** Закон за прекршоци предвидува пропишување на прекршоците со закон, со уредба, како и со одлука на собранијата на автономните покраини, на општините, на градовите и на градот Белград, но пропишувањето на санкциите за прекршоците се врши исклучиво со закон. Гореспоменатите органи може да пропишуваат прекршоци исклучиво за повреда на прописите што тие ги донесуваат во рамките на своите уставни и законски надлежности.[20]

Според Законот за прекршоците на **Македонија**, од дефиницијата дадена во чл. 5, произлегува дека пропишувањето на прекрошоците може да се врши само со закон, доследно почитувајќи го начелото на законитост изразено во наведениот член. Имено, во чл. 5 се наведува дека „прекршокот е противправно дело **кое со закон е определено**

ZP-1H (Uradni list RS, št. 21/13 z dne 13. 3. 2013), Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških – ZP-1I (Uradni list RS, št. 111/13 z dne 27. 12. 2013), Odločbo o ugotovitvi, da je prvi stavek prvega odstavka 193. člena Zakona o prekrških v neskladju z Ustavo (Uradni list RS, št. 74/14 z dne 17. 10. 2014), Odločbo o razveljavitvi prvega, drugega, tretjega in četrtega odstavka 19. člena, sedmega odstavka 19. člena, kolikor se nanaša na izvršitev uklonilnega zapora, ter 202.b člena Zakona o prekrških (Uradni list RS, št. 92/14 z dne 19. 12. 2014).

[18] Чл. 2, ст. 1, Prekršajni zakon(pročišćeni tekst zakona).

[19] Ibid, чл. 2, ст. 2

[20] Чл. 4, Zakon o prekršajima

**како прекршок**, чии обележја се определени со закон и за кое е пропишана прекршочна санкција.“

Како што може да забележиме, освен Македонија, државите кои се предмет на оваа анализа ги пропишуваат прекршоците на два начини: со закон и со акти на управни и други органи.

Ваквата ситуација е уште една потврда дека анализираните законодавства и со одредбите за пропишување на прекршоците го претставуваат мешовитиот модел (на двојство) на прекршоците, односно дел од нив претставуваат квантитативно пониски степени на неправо, а другите ги третираат како административни престапи.

Единствено Македонскиот законодавец и во поглед на ова прашење цврсто се држи до квантитативната концепција и доследно почитување на начелото на законитост.

## 5. Краток осврт врз репертоарот на санкции со посебен осврт врз паричната казна / глобаза физички лица

Приказот на пропишаните санкции исто така го отсликува прекршочниот модел во една држава. Ако го погледнеме **Словенечкиот закон**, ќе забележиме дека во поглед на санкционирањето за сторен прекршок,тој претставува директен израз на дуализмот на прекршочните дејствија. Имено, во негоексплицитно се определува дека за сторен прекршок, се изрекува пропишана санкција или предупредување. Тоа значи дека предупредувањето е алтернатива на санкцијата и за него има подеднаква можност да биде изречено наместо санкцијата. По редот на нештата, предупредувањето треба да се изрекува за прекршочните дејствија кои по својата природа претставуваат административни престапи. Санкциите, пак, по правило се резервирани за прекршоците како казниви дејствија со понизок степен на неправо.

Законотза прекршоци на Словенија го предвидува следниов репертоар на санкции:[21]глоба, опомена, казнени бодови во сообраќајниот промет до истекот на возачката дозвола и забрана за употреба на возачка дозвола, забрана за управување со моторно возило, протерување на странец од државата, одземање на предмети, губење или ограничување на правото на средства од буџетот на Република Словенија или од буџетите на локалните заедници, исклучување од постапка за јавни набавки, воспитни мерки.

[21]Чл. 4, Zakon o prekrških

Од оваа листа на санкции, главна санкција е единствено глобата, додека опомената претставува замена за неа и се изрекува наместо неа. Како споредни санкции се изрекуваат останатите горенаведени и тие се изрекуваат за дејствијата на прекрошоци кои може да се пропишани и со други закони.

Законот предвидува можност за изрекување на една или повеќе споредни санкции покрај глобата или опомената. Но, како што нагласивме, наместо во соодветна постапка да сеизрече санкција за прекршок, може да се изрече и само предупредување.

**Прекршочниот закон на Хрватска** ги категоризира прекршочните санкции во неколку групи: санкции кои може да се пропишат со посебниот закон со кој е пропишан прекршокот, а тоа се: казните (парична казна и казна затвор) и заштитните мерки; санкции кои се пропишуваат со општиот закон за прекршоци и тие се: мерки на предупредување (опомена и условна осуда), заштитни мерки и воспитни мерки.[22]

Како заштитни мерки може да се изречат задолжителното лекување од зависности, забрана за вршење на одредени дејности или должности, забрана за извршување на дејност или работа на правно лице, забрана за стекнување дозвола, овластување, концесија или субвенција, забрана за работа со корисниците на државниот или на локалните буџети, забрана за управување со моторно возило, забрана за посетување на одредени места или подрачја. [23]

За прекршоците кои се пропишуваат со одлуките на единиците на локалната или подрачната (регионалната) самоуправа може да се пропише само парична казна.

Како што може да забележиме, пропишаните санкции во хрватското прекршочно законодавство се блиски или идентични со санкциите пропишани за кривичните дела. За разлика од Словенија, овде не е предвидена алтернатива на класичната прекршочна санкција, па во тој поглед, прекршокот според начинот на санкционирање се третира како поблаг степен на неправо.

Во **Србија,** прекршочните санкции кои може да се изречатсогласно Законот за прекршоци се поделени на неколку категории: казни, казнени поени, опомена, заштитни мерки и воспитни мерки.[24]

Како казни законот ги предвидува: казната затвор, паричната казна и работата во јавен интерес.[25] Казната затвор може да се пропише само со закон, додека другите може да се пропишат со уредба или одлука на управните органи.[26]

---

[22]Чл. 5, Prekršajni zakon, pročišćeni tekst zakona
[23]Ibid, чл. 50, ст. 1.
[24]Zakon o prekršajima, чл. 32

Казнените поени се санкции кои се изрекуваат за сообраќајни прекршоци и тие се новина во српското прекршочно законодавство од 2013 година.

Опомената може да се изрече наместо паричната казна за ситуации кога одговорноста на сторителот е значително намалена.

Заштитни мерки предвидени во српското прекршочно законодавство се: одземањето предмети, забраните поврзани со вршење на дејност за физички, правни и одговорни лица, забрана за управување со моторно возило, задолжително лекување на зависници од алкохол и психотропни супстанции, задолжително психијатриско лекување, забрана за пристап до оштетениот, објектот или местото на извршување на прекршокот, забрана за присуствување на спортски настани, јавно објавување на пресуда, оддалечување на странец од територијата на Република Србија и одземање на животни и забрана за држење на животни.[27]

Воспитните мерки се предвидени како санкции за деца- извршители на прекршочни дејствија.[28]

**Македонија** во своето прекршочно законодавство ги предвидува следните групи на санкции: прекршочни санкции за полнолетни сторители, прекршочни санкции за деца, прекршочни санкции за правни лица и посебни прекршочни мерки.

Како санкции за полнолетни сторители предвидени се: опомена, глоба, престанок на важење на возачка дозвола, забрана на управување со моторно возило, забрана на вршење на професија, дејност или должност, протерување на странец од земјата, задолжително лекување на алкохоличари и наркомани (лица со болести на зависности), задолжително психијатриско лекување на слобода и забрана за влез и присуство на спортски натпревари.

Опомената се изрекува наместо глобата кога се работи за полесен прекршок.

На деца како прекршочни санкции може да им се изречат воспитни мерки, а на дете во судир со законот над 16 години, по исклучок и глоба.[29]

На правно лице сторител на прекршок може да му се изрече опомена, глоба и привремена забрана за вршење одделна дејност.[30]

Како посебни прекршочни мерки се предвидуваат конфискацијата на имот и имотната корист и одземањето предмети и општокорисната работа.

---

[25]Ibid, чл. 33
[26]Ibid, чл. 35
[27]Ibid, чл. 52
[28]Ibid, чл. 73-74
[29]Чл.33-34, Закон за прекршоците
[30]Чл. 38, Закон за прекршоците

Евидентно е дека во сите законодавства е предвидена опомената како облик на санкција и таа најчесто може да се изрече како замена за паричната казна, односно глобата. Единствено во Словенија постои опомена во рамките на репертоарот на санкции и предупредување како алтернатива за прекршочна санкција воопшто.

Според тоа, може да се констатира дека репертоарот на прекршочните санкции во анализираните законодавства е пресликување на репертоарот на кривичните санкции, па така, може да забележиме санкции кои припаѓаат на категориите казни, мерки на безбедност, алтернативни мерки, воспитни мерки, посебни казненоправни мерки.

Ова претставува уште еден показател за определувањето на поимот на прекршокот како поблизок до казненото дело.

Единствено словенечкото законодавство низ своите решенија за санкциите во прекршочната сфера се приклонува кон дуалистичко – мешовитата концепција.

**Висината на паричната казна за прекршоци**, односно **глобата** е уште едно од прашањата кои се предмет на дебати и критики и каде неконзитеноста на прекршочното право посебно доаѓа до израз.

Во следната табела е направена споредба на висината на глобата за физички лица според општото правило и на паричната казна предвидена за кривични дела.[31]

| | ***Глобаза прекршок (минимум и максимум, општо правило)[32]*** | ***Парична казна за казнено дело (минимум и максимум)*** |
|---|---|---|
| ***Македонија*** | **Минимум 15 евра**<br>Максимум 1000 евра | **Минимум 5 евра**(5 д.г. x 1евро)<br>Максимум– 1.800.000 евра (360 д.г. x 5000евра) |
| ***Србија*** | **Минимум 40 евра**<br>Максимум 1200 евра | **Минимум 40.6 евра**(10д.г. по 4.06 евра)<br>Максимум– 146.160 евра (360 д.г. x406 евра) |

[31]Подетално види: Закон за прекршоците, Zakon o prekršajima, Кривичен законик на Република Македонија,Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015KrivicnizakonikSrbije, http://www.paragraf.rs/propisi/krivicni_zakonik.html, KaznenizakonHrvatske, http://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon, Criminal Code of the Republic of Slovenia, http://www.policija.si/eng/images/stories/Legislation/pdf/CriminalCode2009.pdf

[32]Износите се конвертирани од националните валути во евра и се приближни.

| | | |
|---|---|---|
| *Хрватска* | **Минимум 13 евра** Максимум6550 евра | **Минимум 78 евра**(30 д.г. по 2.6 евра) Максимум– 473.040 евра (360 x1314 евра) |
| *Словенија* | **Минимум40 евра** Максимум 5000 евра | **Минимум 1000 евра**[33] (30 д.г.х дневен приход или според просечна плата) Максимум 11.800 евра (360 д.г) |

Како што може да забележиме, гледано во апсолутни бројки, Македонија е една од државите со најнизок износ на глоба. Но, таквата констатација ништо не значи доколку ваквите податоци не се вкрстени со други релевантни податоци, како на пример, износот на минималната и на просечната плата во државата, стапката на сиромаштија итн. Несомнено е дека Македонија е на дното во тој поглед, па ваквите минимуми и максимуми на глобата и не се реално ниски.

Уште позагрижувачки е тоа што во сите анализирани законодавства минималниот износ на глоба што може да се изрече е понизок од минималниот износ на паричната казна за сторено кривично дело. Единствено во нашата држава е обратно – *минимумот што може да се изрече како глобатаза прекршок е повисок од минимумот што може да се изрече како парична казна за казнено дело*, што е уште едно нелогично решение.

За да бидат небулозите уште побројни, вреди да се спомене и тоа дека македонскиот закон за прекршоци дозволува пропишување на глоби во висина што излегува од наведените рамки, па во други закони се предвидени износи кои повеќекратно ги надминуваат општите рамки.[34] Кога се работи за правни лица, ситуацијата е дури алармантна, па се пропишуваат глоби во висина на десетици илјади евра, а се остава можност и за изрекување глоби кои би достигнале милиони евра во денарска противвредност.[35]

Со ова се покажува дека македонскиот законодавец не само што излегол од основите на системот на прекршочното право, туку и целосно ја занемарил хиерархијата на казнивите дела во поглед на пропишувањето на висината на глобите.

[33]Сумата е изразена во приближен износ. Со оглед на тоа што Кривичниот законик на Словенија не предвидува минимален износ на дневната глоба, а како алтернатива е дадена опција за пресметка спред просечната плата, истата е земена предвид при пресметката.
[34]Види: чл. 15, ст.4 од Законот за прекршоците.
[35]Ibid., чл. 39.

## 6. Надлежност за постапување во прекршочна постапка

Разгледувањето на прашањето за тоа кој е надлежен да постапува по повод сторен прекршок ќе го направиме повторно од аспект на детерминирање на прекршокот и утврдувањето на неговата природа без детално да навлегуваме во суштината и стадиумите на прекршочната постапка.

Во **Хрватска** се забележува мешовит модел на постапување, имено, согласно чл. 93 од Прекршочниот закон на Хрватска, надлежност за водење на прекршочна постапка имаат прекршочните судови и Високиот прекршочен суд на Хрватска. Законот допушта со други закони да е утврдена надлежност запостапување и на органите на државната управа. Но, кога се работи за постапка по приговор против задолжителен прекршочен налог и за постапка против малолетници, надлежноста му припаѓа исклучиво на судот.

Органите на државната управа се надлежни да постапуваат во прв степен доколку тоа е предвидено со посебен закон, да одлучуваат за барања за обнова на прекршочна постапка за предметите од своја надлежност, како и за правосилни прекршочниналози во предметите за кои за водењето на прекршочната постапка е предвидена првостепена надлежност на орган на државната управа.[36]

Високиот прекршочен суд на Република Хрватска има надлежност да постапува во втор степен по сите пресуди и решенија на првостепените судови и органите на државната управа, да постапува по вонредни правни лекови, да одлучува за судир на надлежности меѓу судовите, да одлучува по барањата за изземање на претседателите на судовите и др.[37]

**Српскиот** Закон за прекршоци во членот 100 определува надлежност за постапување на прекршочните судови, додека по исклучок, и тоа само за прекршоци од сферата на јавните набавки,надлежна за постапување е Републичката комисија за заштита на правата во постапките по јавни набавки.[38]

Во постапката по жалби против првостепените одлуки, како и за прашањата за судирот и пренесување на надлежностите и др., решава второстепен прекршочен суд.

Во **Словенија**, прекршочната постапка се води пред прекршочни органи и пред судови. Надлежни прекршочни органи се управните и другите државни органи и

[36]Чл. 96, Prekršajni zakon, pročišćeni tekst zakona
[37]Ibid, чл. 95
[38]Чл. 100,Zakon o prekršajima

носители на јавни овластувања кои вршат надзор над спроведувањето на законите и уредбите со кои се пропишани прекршоци и органите на самоуправните локални заедници кои со посебни прописи се овластени да донесуваат одлуки за сторени прекршоци.[39]Судовите се надлежни за постапување во прв и втор степен. Прекршочните органи постапуваат во итна постапка, при што е предвидена и судска заштита, доколку лицето кому му е изречена прекршочна санкција, неговиот законски затапник или трети лица чии предмети се одземени, како и нивните законски застапници тоа го побараат и ја побиваат одлуката на прекршочниот орган по некоја од законски наведените основи (повреда на материјалното или процесното право, заснованост врз докази врз кои не смее да се заснова одлуката и сл). Во таков случај, предметот продолжува во судска постапка.

Во Република **Македонија,** согласно чл. 54 од Законот за прекршоците, прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече само надлежен суд, а за одделни прекршоци определени со закон - прекршочен орган. Против конечната одлука за прекршок се гарантира судска заштита. Според чл. 55, прекршочен орган води прекршочна постапка кога со закон е пропишана исклучива надлежност за негово постапување.

Постапката пред прекршочниот орган ја води комисија за одлучување по прекршок утврдена со закон или друг пропис.[40] Против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, основана со посебен закон.[41] Против нејзината одлука може да се поведе управен спор.

Кога се работи за судска надлежност, основниот суд постапува во прв степен, а против пресуда и решение на првостепениот суд може да се изјави жалба до второстепениот суд.

Како што може да забележиме, и *во поглед на надлежноста на постапување доминира мешовитата концепција*. Ниедна од државите чии законодавства се предмет на анализа нема исклучива судска надлежност за постапување. Сепак, се чини дека судската надлежност е поистакната, а во втор степен дури и исклучива во некои држави, како Србија, Хрватска итн.

---

[39]Чл. 45, ст.2,Zakon o prekrških
[40]Чл. 60, Закон за прекршоците
[41]Чл. 74, Закон за прекршоците.

Не може, а да не се забележи разгранетоста и широко поставената надлежност за постапување во Македонија: од двостепена управа надлежност, па можност за управен спор или повеќестепена судска надлежност.

Како што беше и погоре истакнато, избегнувањето на исклучиво судско постапување за прекршоци е резултат на бројноста на прекршочните предмети и оптовареноста и неажурноста на судовите што тие ја предизвикуваат. Со други зборови, растоварувањето на судовите и префрлањето на надлежноста за постапување на управните органи е прагматично, но и реално решение, доколку е јасно исцртана линијата меѓу прекршоците за кои би требало да постапува суд од оние закои треба да постапува управен орган. Тоа значи потреба од поблиско или подалечно категоризирање на прекршоците барем според некакви формални, а по можност и според материјални критериуми.

## 7. Институтот застареност во споредбеното прекршочно право

Анализата на овој институт е доминантно релевантна за квантитативното разграничување на казнените дела и прекршоците, но таа дотолку повеќе е важна и за прекршоците кои имаат административна природа.

Застареноста претставува еден од најважните материјално – правни институти кој претставува гаснење на државното право на казнување поради протекување на определено време по моментот на извршување на казненото дело или по правосилноста на пресудата.[42] Оправдувањето на овој институт може да се сретне во повеќе гледишта според кои со протек на времето се зголемуваат процесните тешкотии во докажувањето со слабеење на сеќавањето на сведоците, губење на материјалните докази и слично, слабеењето на ефектите на задоцнетата казна, живеењето на сторителот во страв долго време и слично.[43] Иако de facto овој институт значи суспензија на кривичниот закон, казнувањето на еден сторител по протек на подолг период, едноставно го губи значењето на правда и превенција.

Фактот што институтот застареност постои за казнените дела, дотолку повеќе (a fortiori), го оправдува неговото постоење кај прекршоците како поблаг вид на казниви дела. И кај прекршоците, застареноста се јавува во два облика: застареност на прекршочно гонење и застареност на извршувањето на прекршочната санкција.

[42]Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2004, стр. 1006
[43]Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., Македонско кривично право – општ дел, Скопје, 2010, стр. 446, исто Камбовски.

Концептот на прекршочната застареност го следи концептот на застарувањето кај казнените дела. Имено, правилата врзани за мирувањето и прекинот, релативната и апсолутната застареност се идентични.[44]

Она што е релевантно за нашата анализа се роковите за застареност во прекршочните законодавства што се предмет на анализа, наспроти роковите за застареност во казнените законодавства. **Појдовната хипотеза во тој поглед е дека рокот за застареност на прекршочното гонење треба да е пократок и од рокот за застареност за најлесните кривични дела,** имајќи го предвид фактот дека прекршокот е поблаг вид од секое кривично дело, па и од најлесното.

За анализа ќе ги земеме предвид основните рокови за застареност.[45]

Така, во поглед на застареноста на поведување и водење на прекршочната постапка (застареност на прекршочното гонење), во **Македонија**, според чл. 43 ст. 1 од Законот за прекршоците, „прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат 3 години од денот кога е сторен прекршокот."

Хрватскиот прекршочен закон предвидува рок на застареност од 4 години,[46] во Србија тој изнесува 1 година,[47] додека Законот за прекршоците на Словенија пропишува рок на застареност на прекршочното гонење од 2 години од денот на сторувањето на прекршокот. [48]

Застареноста на извршувањето на прекршочната санкција, освен во Хрватска, во останатите три држави е ист како и рокот за застареноста за прекршочно гонење, односно во Македонија тој изнесува 3, во Србија 1, а во Словенија 2 години по правосилноста на одлуката. Како што наведовме, во Хрватска тој е различен, имено додека застареноста на гонењето настапува 4 години по извршувањето на прекршокот, рокот за застареноста на извршувањето на санкцијата изнесува 3 години.

Земајќи ги предвид горенаведените бројки, се чини дека ништо не е невообичаено и дека роковите за застареност во македонското прекршочно законодавство се некаде помеѓу најдолгиот и најкраткиот утврдени во различните закони.

---

[44]Подетално види: Камбовски, Казнено право – општ дел, Скопје, 2011,стр.787 , во врска со застарувањето во областа на прекршоците, види Закон за прекршоците, чл.43 и чл. 44.

[45]Покрај основните рокови, споменатите закони содржат и поединечни рокови за застареност за одредени видови прекршоци.

[46]Подетално види: чл. 13, Prekršajnizakon

[47]Види: Zakon o prekršajima.

[48]Види: чл.42, Zakon o prekrških

За жал, ваквата слика не е нималку точна, имено вистинската ќе се добие дури кога наведените бројки – рокови, ќе ги вкрстиме со роковите за застареност на кривичното гонење и извршување на кривичната санкција во секое од законодавствата.

Со оглед на фактот што роковите за застареност во кривичното право се различни зависно од тежината на делото утврдена според пропишаната (и изречената) казна, за споредба ќе ги земеме најкратките рокови за застареност кои се предвидени за најлесните кривични дела, бидејќи, како што нагласивме погоре, тие се сепак кривични дела и со тоа се потешки казниви дела иповисок степен на неправо од било кој прекршок.

Од анализата на кривичните закони(ци) на државите опфатени со анализата, произлегува следното:

- Според Кривичниот законик на Република Макеоднија, застаренста на кривичното гонење настапува 2 години од извршувањето на делото за кое е пропишана парична казна или затвор до една година;
- Казнениот закон на Хрватска предвидува рок за застареност на кривичното гонење од 6 години за делата за кои е пропишана парична казна или казна затвор до една година;
- Во Србија, Кривичниот законик предвидува застареноста да настапи2 години од извршување на делото за кое е пропишана парична казна или затвор до една година;
- Казнениот законик на Словенија пропишува рок на застареност од 6 години од извршување на делото за кое е пропишана парична казна или затвор до една година.

Доколку, заради споредба, роковите за застареност на прекршочното и кривичното гонење ги претставиме во табела, ќе го добиеме следното:

| | ***Застареност на прекршочно гонење (години)*** | ***Застареност на кривичното гонење (години)*** | ***Застареност на извршувањето на прекршочната санкција (години)*** | ***Застареност на извршувањето на кривичната санкција (години)*** |
|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | 3 | 2 | 3 | 2 |
| **Хрватска** | 4 | 6 | 3 | 6 |
| **Србија** | 1 | 2 | 1 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Словенија** | 2 | 6 | 2 | 3 |

Како што може да забележиме од табелата, во Словенија,[49] Хрватска[50] и Србија,[51] прекршоците застаруваат побрзо од кривичните дела што е единствено правилно и логично решение.

Само во Македонија рокот за застареност на прекршочното гонење е подолг од рокот за застареност на полесните кривични дела! Истата ситуација ја имаме и во поглед на рокот за застареност на извршување на кривичните санкции, кој е подолг за прекршоците отколку за казнените дела од анализираните држави единствено во Македонија. Тоа покажува дека македонското прекршочно законодавство е целосно недоследно на поставената хиераргија на казниви дејствија и институтите кои несомнено треба да ја следат таа хиерархија. Оттука, и произлегува потребата за ревидирање на Законот за прекршоци во насока на корекција на рокот за застареност во однос на пропишаните рокови за застареност во Кривичниот законик.

## 8. Заклучни согледувања

Од анализата на релевантните институти, може да забележиме дека во поглед на дефинирањето, постојат два модели на определување на поимот прекршок. Првиот модел одговара на т.н. квантитативна концепција според која казненото дело и прекршокот се разликуваат само по квантитетот, односно по степенот на неправо. Според оваа концепција, прекршокот е најлесен облик на казниво дело. Македонскиот закон за прекршоци, во определувањето на поимот на прекршокот е најдоследен на споменатиот модел.Вториот модел е дуалистичко - мешовит и според него, прекршокот може да се јави и како квантитативно различен, но и како квалитативно различен од казненото дело. Според овој модел, прекршокот се јавува во два облици: класичен прекршок како дејствие со квантитативно помало неправо од казненото дело и административен престап.

Примената на основните институти на казненото право и во прекршочноправната проблематика го истакнува казненоправниот карактер на прекршокот.Ваквиот факте во прилог на квантитативната концепција, но не го исклучува мешовитиот модел на прекршочни дејствија.

[49]Види: чл.42, Zakon o prekrških
[50]Подетално види: чл. 13, Prekršajnizakon
[51]Види: Zakon o prekršajima

Споредбената анализакако резултат го крена на површина фактот дека во поглед на надлежноста на постапување доминира мешовитата концепција. Според тоа, судската надлежност е примарна и поистакната, особено во второстепеното одлучување, но постапувањето за одделни прекршоци и на управни органи, барем во прв степен, е пракса во сите држави.

Системот на прекршочни санкции е директен одраз на казненоправниот систем на санкции, што,повторно, ја нагласува казненоправната природа на прекршоците. Но, предупредувањето како алтернатива за прекршочната санкција дури и при постоење на опомената како вид на прекршочна санкција во Словенија, е израз на дуалистичко-мешовитиот карактер на прекршоците.

Висината на глобата како доминантно главна санкција е исто така важно прашање. Таа би требало да е пониска од паричната казна како санкција за казнено дело, а според внатрешно поставени рамки би требало да е во функција на поделба на административните и класичните прекршоци. Имено, до одреден износ би требало да е пропишана за полесните прекршоци или т.н. административни престапи за кои би постапувале управни органи, а над одреден износ да е пропишана за другите, условно речено, потешки прекршоци за кои надлежен да постапува би бил исклучиво судот. Ваквото техничко детерминирање би имало значаен придонес и во суштинското разграничување на двата вида на прекршоци.

Застареноста како иститут уште еднаш ја истакна казненоправната природа на прекршоците. Роковите за застареност во двата нејзини облици во споредбеното право се пократки за прекршоците од роковите за застареност за казнените дела. Единствено во Македонија,решнието е спротивно, и, некои (полесни) казнени дела застаруваат побрзо од прекршоците!Ова не е во прилог на било каква концепција, туку е показател или за непознавање наматеријата од страна на креаторот на ваквото репение, но и на законодавецот или за целосно извитоперено гледање на прекршоците надвор од било каков хиерархиски поставен систем на казниви дела.

Генералниот заклучок, според сето горенаведено, би бил дека прекршоците имаат доминантно казненоправна природа. Во прилог на ова се законските дефиниции, репертоарот на прекршочни санкции и примената во сферата на прекрошците и на други казненоправни институти (за противправност, вина, застареност, учество на повеќе лица, стек итн.)

Иако имаат доминантно казненоправна природа, прекршоците не претставуваат единствена и хомогена категорија, туку се јавуваат во два вида: како **класични**

**прекршоци** – чие пропишување треба да биде само со закон, чие извршување заслужува социјално – етички прекор, за кои се пропишуваат потешки прекршочни санкции и за кои постапува исклучиво суд, и, **административни престапи**, кои може да бидат пропишани и од страна на управни органи, кои се условно речено најлесни и најчесто небрежно извршени, за кои постапуваат исто така управни и органи со јавни овластувања и за кои се пропишани полесни прекршочни санкции, при што доминантни треба да се предупредувањето или опомената.

Што се однесува до македонското прекршочно право, придонесот кон неговиот развој како наука е обврска на науките за казненото и управното право, кои најпрво треба формално и материјално (вредносно) да ги дефинираат и детерминираат различните облици на прекршоци. Врз таквите детерминантни линеарно треба да се надоврзат прашањата за пропишувањето, надлежноста за постапување, санкционирањето итн. Дури потоа, на веќе изграден, конзистентно поставен теоретски модел, треба да се надоврзе реформата на нашето прекршочно законодавство заснована на принципите на мешовит систем на прекршоци според видовите во кои може да се класифицираат, мешовита, но строго и прецизно поделена надлежност за постапување на суд или управен орган според видот и висината на санкцијата (пред сè, глобата), како и поставување на прекршоците пониско во хиерархијата на казниви дела со пропишување пониски глоби, пократки рокови за застареност итн. во однос на истите институти за казнените дела.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


- Арнаудовски, Љ., Законот за прекршоци во практична примена, МРКК бр. 1-2, 2010
- Аќимовска – Малетиќ, И., Прекршоците во македонскиот правен систем, МРКК бр. 1-2, 2010 год.

- Давитковски, Б., Гоцевски, Д., Редефинирањето на прекршокот – нужност или потреба?, објавено во МРКК бр. 1-2, 2010
- Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2004
- Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2011
- Камбовски, В., Основни проблеми во примената на Законот за прекршоците, МРКК бр. 1-2, 2010
- Лажетиќ – Бужаровска, Г., Груевска – Дракулевски, А., Анализа на прекршочните одредби во Република Македонија во однос на височината на глобата, МРКК бр. 1-2, 2010
- Марјановиќ, Ѓ., Каневчев, М., Македонско кривично право – општ дел, Скопје, 2010
- Закон за прекршоците, Сл.весник на Република Македонија бр. 15/1997
- Закон за прекршоците, Сл. весник на Република Македонија бр. 62/2006
- Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, Службен весник на Република Македонија бр. 51/2011
- Закон за прекршоците, Службен весник на Република Македонија бр. 124/2015
- Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година
- Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2007 и 152/2015
- Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/2007, 84/2007, 86/2008, 98/2008, 106/2008, 64/2009, 161/2009, 36/2011, 51/2011, 114/2012 и 27/2014
- Prekršajnizakon, NarodneNovine 107/07, 39/13, 157/13, 110/15.
- Zakon o prekršajima, "Sl. glasnik RS", br. 65/2013
- Zakon o prekrških, Uradni list RS, št. 7/03, 86/04, 23/05, 44/05, 55/05, 40/06, 51/06, 70/06, 115/06, 139/06, 3/07, 17/08, 21/08, 76/08, 108/09, 109/09, 45/10, 9/11, 29/11, 21/13, 111/13 74/14, 92/14
- VladaRepublikeSlovenije, GeneralniSekretarijat, Predlog Zakona o spremembah in dopolnitvah Zakona o prekrških (ZP-1J), redni zakonodajni postopek – predlog za obravnavo,http://www.mp.gov.si/fileadmin/mp.gov.si/pageuploads/mp.gov.si/PDF/zakonodaja/151208_ZP-1J_medr2.pdf
- Prekršajni zakon, pročišćeni tekst zakona, NN 107/07, 39/13, 157/13, 110/15, http://www.zakon.hr/z/52/Prekr%C5%A1ajni-zakon

- Кривичен законик на Република Македонија, Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015
- KrivicnizakonikSrbije, http://www.paragraf.rs/propisi/krivicni_zakonik.html,
- KaznenizakonHrvatske, http://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon,
- Criminal Code of the Republic of Slovenia,http://www.policija.si/eng/images/stories/Legislation/pdf/CriminalCode2009.pdf

**Associate Professor Aleksandra Deanoska – Trendafilova, PhD**[52]

# ON CERTAIN CONCEPTS IN THE MACEDONIAN AND THE COMPARATIVE MISDEMEANOR LAW: DOES MACEDONIA HAVE A CONSISTENT MISDEMEANOR LEGAL FRAME?

UDK 35.076.6:34.05(497.7:497)
1.02 Review Article

**Abstract**

The Misdemeanor Law is a special scientific discipline, as well as a branch of the positive law comprised of the general law on misdemeanors, special laws for certain types of misdemeanors and the provisions of a number of other laws that determine misdemeanor - punishable behaviors.

Macedonian misdemeanor legislation dates from 1997, but in the meantime it has been subject to several amendments and novelties. The latest Law on misdemeanors was adopted in 2015. Some of the countries in the region in recent years have also adopted new laws or have amended the existing. According to the analysis of the legislations of Macedonia, Serbia, Croatia and Slovenia regarding the definition of the misdemeanor, the manner they are prescribed, the procedural competences, the repertoire of sanctions and statute of limitations, it appears that the nature of the misdemeanors is dominantlycriminal/penal, however, they often manifest themselves into two types: as classical or punishable acts of lowerlevel compared to the criminal offences as well as administrative violations.

However, the analysis has shown that regarding certain concepts and solutions the different forms, our legislation is inconsistent and that certain provisions require urgent review.

**Keywords: misdemeanor, fine, sanction, administrative authority, court**

---

[52] Associate Professor at the University Ss. Cyril and Methodius – Skopje, Faculty of Law “Iustinianus Primus”, Institute of Criminal Law.